# ФИНАЛЕН

# ИЗВЕШТАЈ

## ПРОЦЕНКА НА ВЛИЈАНИЕТО

## НА НОВАТА ЗАКОНСКА РЕГУЛАТИВА

## ВРЗ ОТКУПОТ НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ ПРОИЗВОДИ И ДОГОВОРНОТО ПРОИЗВОДСТВО

## КАЈ УЧЕСНИЦИТЕ ВО ВРЕДНОСНИТЕ СИНЏИРИ ПОДДРЖАНИ ОД AgBiz


Подготвено за: АгБиз проектот на УСАИД

Подготвено од: Наташа Љубецкиј Анѓелиќ


**ДЕКЕМВРИ 2010**

# Executive Summary

The goal of the AgBiz is to increase economic growth in Macedonia through expanded, environmentally sustainable production and sales of value-added agricultural products by enabling producers and processors to compete regionally and globally.

Therefore, AgBiz was interested to support an assessment that will focus on the implications of new government legislation (new law on agriculture and rural development and accompanying sub-legal acts) concerning contracting and buyout of Fresh fruits and vegetables (FF&V) products, Processed vegetables (PV) agricultural raw materials and table and wine grapes, as well as the impact on the overall competitiveness of the three AgBiz supported Value Chains (VCs). The analyses took into consideration developments during the current season and provided feedback from VC participants regarding the impact of the new legislation on VC participants' performances.

Twenty seven (27) VC members participated in the survey and were interviewed during the interviewing process, including:

- 10 Vegetable processing companies
- 7 Consolidators/traders with FF&V
- 10 Wineries

All the respondents were asked to provide answers on whether they used contracts for buyout of fresh produce in 2009 and 2010 season. According to the answers 17 (63%) of the interviewed companies used contracts in 2009, while in 2010 the number increased to 20 (74%). The main reason for increased use of contracts was the new legislation, but also continuous efforts of the companies to secure enough quantity of raw materials. Seven respondents (2 wineries, 4 traders and 1 vegetable processor) did not use contracts during 2010.

Eight (8) respondents used their own contract models during 2010 that were not adjusted or fine tuned according to the new legislation, mainly due to the fact that the buyout season already started and companies could not make appropriate corrections. Another seven respondents adjusted their existing contracts in 2010 according to the new requirements, while 5 PV companies used the model that was developed by MAP in cooperation with AgBiz. Although there is an increasing trend for signing contracts among interviewed companies, vast majority of them do not fully implement the new legislation. Namely, majority of the respondents do not include the fixed buy out price in the contracts and/or do not fully implement the required payment procedures as stipulated in the Law on agriculture and Rural Development.

FFRM and the Association of Farmers in R Macedonia were approached during the interviewing phase, as representatives of the farming community in the country. When asked about farmers' experiences about implementation of the contract farming legislation, both organizations stated that they were not involved in data gathering and analysis of related information nor organized any monitoring activity on the process of implementation of contract farming in 2010.

According to the survey, 13 companies (65%) were initiators for concluding contracts with their suppliers, while only 3 companies concluded contracts based on initiatives coming from the suppliers. Majority of the respondents (13) had between 1-100 contracts during 2010. 85% of the respondents had contracts with individual producers, while 13 of them had contracts with agricultural enterprises for supply with fresh produce. Traders/consolidators were contracted by 12 respondents, out of which 2 secured all their raw materials needs by working only with traders. According to the respondents that applied contracts during 2010, 47% of their raw material needs were secured through contracts with individual growers.

In regards to whether the new law would impact demand and supply with fresh produce and influence contract farming concept in the country, various answers were obtained. Part of the respondents confirmed that the new legislation would positively affect the contractual relationships of the VC actors and would regulate demand and supply on the market. Yet, another group of respondents complained about application of the new regulations in practice and tolerance of authorities (in particular agricultural inspectorate) towards illegal buyout and trade with fresh F&V. The third group of respondents stated that the new regulations would negatively impact registered buyers of fresh products, since the legislation was not balanced and did not protect equally the contracting parties in case of misconduct.

The major shortcomings that affect higher utilization of the contract farming model identified by the respondents were the following: lack of awareness of primary individual producers about their rights but also obligations; possibility for raw material shortages resulting from eventual violation of the contracts by suppliers; selective approach of the authorities and control over the performances of the legally established enterprises; and legal restrictions and limitations in regards to price formation and payment terms details.

The following suggestions were mentioned by the respondents for overcoming the existing impediments: review of the existing contract models and adding amendments that would implicate higher level of commitment by the producers to respect the contracts (greater balance of the rights and obligations of the contracting parties); putting more emphasis on quality of the delivered products rather than quantity, etc. The vast majority of the respondents insisted on higher involvement of MAFWE in prevention of illegal trade with fresh produce as main precondition for proper functioning of the contract farming concept in the country.

# Резиме

Целта на Програмата АгБиз на УСАИД е да се засили економскиот раст на Македонија преку проширено и еколошки одржливо производство и продажба на земјоделски производи со додадена вредност, оспособувајќи ги производителите и преработувачите да се конкурентни на регионално и глобално ниво.

Оттаму АгБиз прифати да подржи истражување кое ќе се фокусира на импликациите што новите законски решенија (законот за земјоделство и рурален развој и подзаконските акти) ги имаа врз начинот на договарање и откуп на свежо овошје и зеленчук, зеленчук кој се користи од страна на преработувачката индустрија и трпезно и винско грозје, како и влијанието на истите врз зголемување на конкурентноста за трите вредносни синџира кои се подржани од страна на АгБиЗ. Анализата ги зема во предвид развојот на настаните во сезоната 2010 и обезбедува поврат на информации од страна на учесниците во однос на влијанието на новата легислатива врз нивните перформанси.

Во текот на спроведувањето на активноста, директно беа анкетирани вкупно 27 претпријатија, и тоа:

- 10 претставници на индустријата за преработки на зеленчук и овошје,
- 7 откупувачи / трговци со свеж зеленчук и овошје, и
- 10 винарски визби.

Со цел да се добијат информации за развојот на потребите од воведување на договорно производство, сите интервјуирани претпријатија беа прашани дали користеле договори за откуп на земјоделски производи во текот на производната 2009 и 2010 година. Според добиените одговори, 63% од интервјуираните (17 претпријатија) практикувале договорно производство во текот на 2009 година. Бројот на претпријатија кои имале договори за откуп во 2010 година е се покачил за 11 % и изнесува 74% (20 претпријатија). Причината на порастот на склучени договори е пред се резултат на воведување на законската обврска, но и на напорите на претставниците на вредносните синџири да го подобрат пристапот до квалитетна и достапна суровина.

Седум претпријатија не практикувале договори за откуп во текот на 2010 година од кои 2 се винарски визби, 1 преработувач и 4 трговци.

Најголем број од анкетираните претпријатија ( 8 ) се изјаснија дека користат сопствен модел на договор, кој оваа година не претрпел измени за усогласување со предвидената содржина во ЗЗРР затоа што за тоа немало потреба или иако такви промени биле потребни не се направени поради отпочината сезона за откуп и ненавремено информирање. Седум од анкетираните (2 винарски визби, 2 трговци и 3 преработувачи) кои потпишувале договори за производство во 2010 го усогласиле со новите законски барања. Пет од интервјуираните преработувачи го користеле моделот на договор развиен од страна на МАП. Иако е регистриран тренд на зголемување на бројот на потпишани договори меѓу интервјуираните, најголемиот број не ги

практикуваат во целост одредбите од законската регулатива, поточно кај поголем дел од нив не е наведена точната откупна цена и/или не се предвидени сите услови за плаќање наведени во ЗЗПП и соодветните подзаконски акти.

Во процесот на собирање на податоци, беа интервјуирани и ФФРМ и на Асоцијацијата на земјоделци на Р Македонија, како релеватни претставници на фармерската заедница во земјата. И двете здруженија не поседуваат никакви информации, ниту превземале иницијатива во правец на мониторинг на процесот на спроведување на договорното производство меѓу земјоделците оваа година.

Според добиените одговори, дури 13 од интервјуираните претпријатија (65%) биле иницијатори за склучување на договори за производство во 2010 година. Само 3 претпријатија (една винарска визба и 2 преработувачи) склучиле договори иницирани од нивните добавувачи. Најголемиот број од испитаниците (13) склучиле повеќе од еден а помалку од 100 договори со нивните добавувачи. 85% од анкетираните претпријатија, склучиле договори за откуп на земјоделски производи со индивидуални производители, додека втора најзначајна категорија на добавувачи се земјоделските претпријатија од кои 13 од испитаниците се снабдуваат со потребна суровина. Категоријата - трговци посредници е значаен извор на суровина за 12 испитаници, од кои двајца ги обезбедуваат вкупните годишни потреби од овој тип на добавувачи.

Според изјавите на анкетираните кои склучиле договори, во просек 47% од нивните годишни потреби за земјоделски производи во 2010 година биле обезбедени преку писмени договори со примарни производители.

Во однос на тоа дали новата законска рамка има влијание врз регулирањето на договорното производство и понудата и побарувачката на суровина, добиени се различни одговори. Дел од интервјуираните претпријатија сметаат дека законот ќе има позитивно влијание во регулирањето на договорните односи и понудата и побарувачката на домашниот пазар. Сепак, голем број од анкетираните, од сите вредносни синџири се пожалија за недоследна примена на законот каде Земјоделскиот инспекторат не реагирал во спречување на дивиот откуп и непочитувањето на договорите. Дополнително, голем дел од интервјуираните се изјаснија дека сметаат дека законот има негативно влијание врз регистрираните откупувачи бидејќи не обезбедува адекватно ниво на заштита од непочитувањето на договорите од страна на добавувачите на земјоделски производи.

Како поважни идентификувани недостатоци на договорното производство се наведуваат: Недостаток на свесност за правата и обврските кои ги носи оваа пракса кај примарните производители, опасност од непотполно почитување на превземените обврски, селективен пристап во контролата на работењето на откупувачите, рестрикции на формирање на пазарни цени во одредени услови и за одредени производи (особено за производите наменети за свеж пазар).

За да се надминат некои од воочените слабости во договорното производство, анкетираните предлагаат некои измени во препорачаниот договор за производство и тоа: Договорот треба да има повеќе ставки кои ќе ги обврзуваат добавувачите на

доследна примена на превземените обврски, т.е да се постигне поголем баланс меѓу правата и обврските помеѓу двете договорни страни. Дополнително, некои од интервјуираните сметаат дека во дефинирање на испораката на суровина поголем акцент треба да се стави на квалитетот отколку на квантитетот на испорачаната суровина. Најголемиот дел од анкетираните инсистираат на многу поголема инволвираност на МЗШВ во справувањето со нелегалната трговија со земјоделски производи како основен предуслов за функционирање и почитување на договорното производство во РМ.

## СОДРЖИНА:


I ВОВЕД ........................................................................................................ 3

II ЦЕЛИ И ОБЕМ ........................................................................................................ 4

III РАБОТНА МЕТОДОЛОГИЈА ........................................................................................................ 5

IV АНАЛИЗА ЗА ЗАКОНСКАТА РАМКА ........................................................................................................ 7

V РЕЗУЛТАТИ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО ........................................................................................................ 9

VI ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ ........................................................................................................ 20


## ЛИСТА НА ТАБЕЛИ


Табела 1: Преглед на тип на добавувачи на суровина во% од годишните потреби ........ 12

Табела 2: Статус на Регистарот за откупувачи на МЗШВ, октомври 2010 ........ 13

Табела 3: Мислење за влијанието на ЗЗРР врз договорното производство, понуда и побарувачка . 15

Табела 4: Мислење за предностите и недостатоците на договорното производство ........ 16

Табела 5. Мислење за потребни промени на договорот за производство ........ 17

Табела 6: Мислење за очекувана поддршка и улога на МЗШВ во спроведување на договорно производство ........ 17


## ЛИСТА НА СЛИКИ


Слика 1: Користен договор за производство / откуп на земјоделски производи во 2009 и 2010 ........ 9

Слика 2: Вид на договор за производство користен во 2010 ........ 10

Слика 3: Иницијатори за потпишување на договори за откуп ........ 11

Слика 4: Просечен број на склучени договори по испитаник во 2010 ........ 11

Слика 5: Преглед на регистрирани откупни пунктови во МЗШВ ........ 13


## ЛИСТА НА АНЕКСИ


Анекс 1: Листа на анкетирани институции / претпријатија ........ 23

Анекс 2: Прашалник користен во процесот на анкетирање ........ 24

Анекс 3: Закон за земјоделство и рурален развој ........ 26

# ЛИСТА НА КРАТЕНКИ

| AgBiz | **АгБиз програма на УСАИД** |
|---|---|
| **ЕУ** | Европска Унија |
| **ЗЗРР** | Закон за земјоделство и рурален развој |
| **МАП** | Македонска Асоцијација на Преработувачи |
| **МКД** | Македонски денар |
| **МЗШВ** | Министерство за земјоделство шумарство и водостопанство |
| **Р Македонија** | Република Македонија |
| **ФФРМ** | Федерација на фармери на Република Македонија |

# I ВОВЕД

УСАИД го поддржува економскиот раст на Македонија со јакнење и подобрување на конкурентноста на македонските стопански субјекти, унапредување на деловната средина, и поттикнување на локалниот економски развој. УСАИД/Македонија му го довери на АРД договорот за нарачка за имплементацијата на Проектот за развој на македонскиот агробизнис (АгБиз).

Целта на Програмата АгБиз на УСАИД е да се засили економскиот раст на Македонија преку проширено и еколошки одржливо производство и продажба на земјоделски производи со додадена вредност, оспособувајќи ги производителите и преработувачите да се конкурентни на регионално и глобално ниво. АгБиз ги постигнува следните цели:

- Агробизнисите се подобро оспособени да ги разберат, идентификуваат и да се пробијат на новите извозни пазари за земјоделски производи;
- Се зголемува оспособеноста на производителите и преработувачите да ги разберат и задоволат барањата на пазарот за прехранбени производи со додадена вредност;
- Јакнат пазарните врски меѓу производителите, преработувачите и трговците;
- Се подобрува управувањето и работењето на фирмите долж целиот добро интегриран синџир на вредност на агробизнисот; и
- Се генерираат поголеми приходи за земјоделските произведувачи и преработувачи и се создаваат можности за нови вработувања.

Иако новиот закон за земјоделство и рурален развој стапи на сила во април 2010, придружните правилници кои требаа да обезбедат понатамошни детали за имплементацијата на законот не беа подготвени навреме, и делови од нив беа критикувани од страна на учесниците во вредносните синџири. Врз основа на иницијативата на МАП, АгБиз обезбеди поддршка за развивање на модел на договор за производство, кој има за задача да го регулира откупот на земјоделски суровини, врз основа на договорени спецификации/стандарди за производите, а во исто време и ќе биде во согласност со новите законски решенија. Работната верзија на моделот беше разгледувана и дискутирана со претставниците на земјоделските производители, натаму МЗШВ го искористи развиениот модел и го коригираше со цел да направи еден општо прифатлив модел на договор за откуп на земјоделските производи. Степенот на искористување на двата предложени модели од страна на учесниците на вредносните синџири беше се уште непознат.

Оттаму АгБиз прифати да подржи истражување кое ќе се фокусира на импликациите што новите законски решенија ќе ги имаа врз начинот на договарање и откуп на свежо овошје и зеленчук, зеленчук кој се користи од страна на преработувачката индустрија и трпезно и винско грозје, како и влијанието на истите врз зголемување на конкурентноста за трите вредносни синџира кои се подржани од страна на АгБиЗ.

# II ЦЕЛИ И ОБЕМ

Оваа активност има за задача да направи проценка на влијанието на новите законски решенија во однос на задолжителното договарање на заинтересираните страни за откуп на земјоделски производи. Истражувањето се концентрира на влијанието на новата легислатива врз функционирањето на вредносните синџири кои се поддржани од АгБиз. Анализата ги зема во предвид развојот на настаните во  сезоната 2010 и обезбедува поврат на информации од страна на учесниците во однос на влијанието на новата легислатива врз нивните перформанси. Анализата има за задача да ја процени адекватноста и степенот на искористеност на моделот за договор предложен од МЗШВ наспроти моделот предложен од МАП и индивидуалните модели на договори, кои ги применуваат трговците и преработувачите.

Целите на активноста се да ги:

- Анализира степенот на искористеност и влијанието на новите законски решенија , особено во делот на искористување на моделите за договорно производство од страна на учесниците во вредносните синџири,
- Опише идентификуваните отстапувања и недостатоци на постоечките решенија и нивно имплементирање, и
- Предложи корективни активности за со цел да се зацврсти соработката помеѓу учесниците во вредносните синџири и зголемување на нивната конкурентност особено во делот на договорното производство.

# III РАБОТНА МЕТОДОЛОГИЈА

Спроведувањето на работната задача беше изведено во период 15 септември / 15 ноември 2010 година во неколку фази:

**1ва фаза – припрема и собирање на секундарни податоци**

Во оваа фаза активностите беа фокусирани на собирање на потребната документација и секундарни податоци, како на пример актуелниот закон за земјоделство и рурален развој, актуелни релевантни правилници, упатства, типови на договори кои се во оптек и сл.

Во ваа фаза, во блиска соработка со координаторите на вредносни синџири на AgBiz, беа идентификувани претпријатија кои ќе бидат директно анкетирани во следната фаза. Прелиминарната листа беше збогатена со неколку претпријатија директно идентификувани од страна на консултантот.

Дополнително, беше развиен прашалник кој ќе служи како алатка за собирање на податоци во процесот на анкетирање на идентификуваните претпријатија. Нацрт прашалникот беше тестиран и финализиран.

**2ра фаза – анкетирање**

Фазата на директно анкетирање се спроведуваше во период 8 - 29 октомври 2010 година. Периодот на спроведување на директните анкети траеше подолго од планираното заради ограничената достапност на раководните тимови на селектираните претпријатија за анкетирање и нивниот фокус во набавка /откуп и преработка на потребните суровини (зеленчук, овошје и грозје) во дадениот период. Според договорениот опсег за работа за спроведување на оваа задача, планирано беше да се анкетираат по 10 претставника на секој од вредносните синџири за преработки на зеленчук, трговија со свеж зеленчук и овошје и производство на вино. Процесот на анкетирање заврши со вкупно анкетирани 27 претпријатија, и тоа 10 преработувачи на зеленчук и овошје, 7 откупувачи / трговци со свеж зеленчук и овошје и 10 винарски визби. Помалиот број на интервјуирани претставници од синџирот за свеж зеленчук и овошје е резултат на лимитиран број на претпријатија кои имаат искуство во договорното производство со кои работи AgBiz. Листата на препорачани претпријатија за анкетирање доставена од страна на AgBiz, беше збогатена со нови 4 претпријатија идентификувани од страна на консултантот.

Листата на препорачани винарски визби за директно анкетирање, беше неколку пати ревидирана и подобрувана во блиска соработка со координаторот на вредносниот синџир.

Во оваа фаза беа организирани и неколку состаноци со вработени во Министерството за земјоделство, шумарство и Водостопанство (МЗШВ), Сектор за земјоделство – одговорно за управување со регистарот на откупувачи. Дополнително, беа организирани и состаноци / интервјуа и со Заменикот Министер на МЗШВ, претставници на ФФРМ и Асоцијација на земјоделците на Р. Македонија, со цел собирање на што пообјективни

податоци за моменталниот статус со договорното производство и вертикална интеграција во Р. Македонија во 2010 година.

### 3та фаза – анализа на податоци и подготвување на извештај

Во ваа фаза беше дизајнирана едноставна Excel база за анализа на собраните податоци. Сите прашалници собрани во втората фаза од спроведувањето на оваа задача беа внесени во дизајнираната база и анализирани. Добиените сумарни податоци се презентирани во овој извештај.

# IV АНАЛИЗА ЗА ЗАКОНСКАТА РАМКА

Со донесувањето на законот за земјоделство и рурален развој, објавен во службен весник бр. 49 / 10 на 12 април 2010 година, беше креирана рамка за воведување на организирана форма на вертикално интегрирање на поединечни вредносни синџири. Законот содржи дел кој е насочен кон " Уредување на условите и начин за вршење на трговија со земјоделски производи " составен од членовите 29 - 36. Со овие членови се уредува следното:

- член 30: Продажба на земјоделски производи
- член 31: Откуп на земјоделски производи
- член 32: Форма и содржина на договор за откуп на земјоделски производи
- член 33:Упис во регистар на откупувачи
- член 34: Начин на водење на Регистарот на откупувачи на земјоделски производи
- член 35: Бришење од регистарот на откупувачи на земјоделски производи
- член 36: Регистар на увозници на одделни земјоделски производи

За поблиску уредување на областите регулирани со горе споменатите членови на ЗЗРР, во текот на јуни 2010 година беа донесени и следните правилници и упатства од страна на МЗШВ:

- Барање за упис во Регистарот на откупувачи на земјоделски производи и Регистарот на увозници на одделни земјоделски производи,
- Правилник за образецот на барањето упис во Регистарот на откупувачи на земјоделски производи и Регистарот на увозници на одделни земјоделски производи,
- Правилник за видот на податоците за планираните количини за откуп на земјоделски производи за реализиран откуп за претходната година, начинот за доставување, формата и образецот за доставување,
- Правилник за поблиски услови кои треба да ги исполнуваат откупувачите на земјоделски производи и поблиските услови кои треба да ги исполнуваат откупните места на земјоделски производи, и
- Упатство за потребната придружна документација која се приложува кон образецот за барањето за упис во регистарот за откупувачи и регистарот на увозници на земјоделски производи.

ЗЗРР и наведените упатства и правилници го предвидуваат следното:

- ➢ Регулирањето се однесува на откуп на сите видови земјоделски производи освен тутун и истиот може да се организира само од страна на правни лица, регистрирани како преработувачи или трговци со земјоделски производи. Истите мора да се регистрираат во Регистарот на откупувачи кој го води МЗШВ;

- ➢ Сите трговци / извозници и преработувачи мораат да се регистрираат како откупувачи и да ги пријават / регистрираат своите откупни центри, кои пак од друга страна мора да задоволуваат одредени организациони и техничко технолошки барања;

- Откупот може да се врши само на регистрирани откупни места (мобилни или постојани) кои ги исполнуваат условите пропишани со овој закон како и со Правилникот за услови кои треба да ги исполнуваат откупувачите на земјоделски производи... Начинот на организирање на откупот, како и специфичните услови кои треба ги исполни откупувачот / откупното место се специфично дефинирани за секоја група на земјоделски производи и тоа: а) откуп на жита и маслодајни семиња; б) жив добиток; в) сурово млеко; г) овошје, зеленчук, печурки трпезно грозје и д) откуп на винско грозје.

- На секое откупно место мора да се истакнат откупни цени за секоја вид и класа на производ, минимум 10 дена пред почеток на откуп;

- Целиот планиран откуп мора да е регулиран со писмени договори. Минимум 50% од планираната количина за откуп на земјоделски производи во тековната производна година мора да е регулирана со писмени договори кои ќе се склучат минимум 45 дена пред почетокот на откуп. Останата количина на производи е регулирана со договори склучени во моментот на откуп. Во законот се содржат упатства за препорачана содржина и форма на договорите за откуп на земјоделски производи. Некои позначајни аспекти кои се наведени се : производ, класа, количина и цена, времетраење на договорот, локација и време на откуп, начин и динамика на исплата на откупени производи, опсег на минимални и максимални откупни цени по производ, начин и постапка за промена на договорот, дефинирање на пазарна цена и односот на истата кон минималната и максимална откупна цена наведена во договорот;

- Се предвидуваат посебни услови кои откупувачите треба да ги исполнуваат како на пр.: шифра на дејност; докажана ликвидност и расположливи финансиски средства; солвентност (намирени обврски по основ на откуп на земјоделски производи во минатото) на откупувачот; потребни објекти за откуп и складирање; за трговците со свежи производи доставени договори за пласман на откупените производи; пријавување на планирани количини за откуп по вид и класа на земјоделски производи на годишно ниво, како пријавување на реализиран откуп по завршетокот на откупната сезона;

- Начин на упис во Регистарот за откупувачи и водењето на истиот; опис на постапка за упис; образец за упис; услови (финансиски, договорни, техничко / технолошки и сл.) кои треба да ги исполнат откупувачите како и доставување на потребни дополнителни документи, нивна содржина, форма и начин на доставување;

- Начин на упис во Регистарот на увозници на земјоделски производи; водењето на истиот; услови (финансиски, договорни, техничко / технолошки и сл.) кои треба да ги исполнат увозниците; доставување на банкарска гаранција и др.;

- При поднесување на барање за упис во Регистарот на откупувачи и Регистарот на увозници се плаќа административна такса во износ од 1,500 МКД.

# V РЕЗУЛТАТИ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО

Во текот на спроведувањето на работната задача, директно беа анкетирани вкупно 27 претпријатија, и тоа

- 10 претставници на индустријата за преработки на зеленчук и овошје
- 7 откупувачи / трговци со свеж зеленчук и овошје
- 10 винарски визби

Интервјуираните претставници од трите вредносни синџири се лоцирани ширум земјата, но видлива е географска регионализација, според регионалните карактеристики за земјоделско производство. Најголемиот број од преработувачките капацитети за овошје и зеленчук, исто како и трговците со свеж зеленчук и овошје се концентрирани во југоисточниот регион, додека поголемиот број од винарските визби се концентрирани во Тиквешкиот регион и на југот од земјата.

Со цел да се добијат информации за развојот на потребите од воведување на договорно производство, сите интервјуирани претпријатија беа прашани дали користеле договори за откуп на земјоделски производи во текот на производната 2009 и 2010 година. Според добиените одговори, 63% од интервјуираните (17 претпријатија) практикувале договорно производство во текот на 2009 година. Бројот на претпријатија кои имале договори за откуп во 2010 година е се покачил за 11 % и изнесува 74% (20 претпријатија). Причината на порастот на склучени договори е пред се резултат на воведување на законската обврска, но и на напорите на претставниците на вредносните синџири да го подобрат пристапот до квалитетна и достапна суровина.

Седум претпријатија не практикувале договори за откуп во текот на 2010 година од кои 2 се винарски визби, 1 преработувач и 4 трговци.

**Слика 1: Користен договор за производство / откуп на земјоделски производи во 2009 и 2010**



Прашани за видот на договор кој го практикуваат, најголем број од анкетираните претпријатија ( 8 ) се изјаснија дека користат сопствен модел на договор, кој оваа година не претрпел измени за усогласување со предвидената содржина во ЗЗРР затоа што за тоа немало потреба или иако такви промени биле потребни не се направени поради отпочната сезона за откуп и ненавремено информирање. Седум од анкетираните (2 винарски визби, 2 трговци и 3 преработувачи) кои потпишувале договори за производство во 2010 го усогласиле со новите законски барања. Пет од интервјуираните преработувачи го користеле моделот на договор развиен од страна на МАП.

**Слика 2: Вид на договор за производство користен во 2010**




Прашани дали во моделот на договори кои го користеле во оваа откупна сезона во целост се вметнати барањата од новата законска регулатива, седум од анкетираните кои направиле усогласувања на нивниот модел на договор, се изјаснија дека во поголем дел, но не во целост ги примениле сите законски барања, исто како и петте претпријатија кои користеле договорен модел на МАП. Имено, поголемиот дел од претпријатијата кои спаѓаат во гореспоменатите групи (7 од нив), не ги навеле фиксните откупни цени, додека неколку од нив не ги навеле точните услови за плаќање предвидени во законската регулатива.

За да се добие пообјективна слика за прелиминарните резултати од имплеемнтацијата на новата законска регулатива поврзана со договорното прпоизводство, во процесот на собирање на податоци, интервјуирани беа и представници на ФФРМ и на Асоцијацијата на земјоделци на Р Македонија, како представници на фармерскиот сектор во земјата. Од представникот на ФФРМ бевме информирани дека до федерацијата не стигнале никакви барања и/или забелешки за процесот на имплементирање на договорното производство, нниту пак ФФРМ има превземено некакви активности за пратење на оваа пракса.

Представникот на Асоцијата на земјоделци, исто така немаше податоци за бројот и формата на потпишани договори во овогодинешната откупна сезона во било кој сектор. Според нивното мислење, опаднатиот интерес за потпишување на договори за пласман на земјоделски производи е резултат на лошите искуства од претходните години.

Според добиените одговори, дури 13 од интервјуираните претпријатија (65%) биле иницијатори за склучување на договори за производство во 2010 година. Само 3 претпријатија (една винарска визба и 2 преработувачи) склучиле договори иницирани од нивните добавувачи.

**Слика 3: Иницијатори за потпишување на договори за откуп**




Најголемиот број од испитаниците (13) склучиле повеќе од еден а помалку од 100 договори со нивните добавувачи, 5 склучиле помеѓу 101 и 500 договори, додека само две претпријатија (винарски визби) склучиле повеќе од 500 договори во 2010 година и тоа еден од испитаниците навел 1.000 а другиот 1.200 склучени договори во тековната година.

Сите склучени договори се со траење од една година и се со сезонски карактер.

**Слика 4: Просечен број на склучени договори по испитаник во 2010**



Најголемиот број од анкетираните претпријатија (85%) , склучиле договори за откуп на земјоделски производи со индивидуални производители. Три претпријатија вкупните количини на земјоделски производи ги обезбедиле од индивидуални земјоделци, додека дванаесет обезбедиле повеќе од 50% а помалку од 100% од вкупните количини од овој тип на добавувачи.

Втора најзначајна категорија на добавувачи се земјоделските претпријатија од кои 13 од испитаниците се снабдуваат со потребна суровина. Пет од нив откупиле 50 и повеќе % од годишната потреба за земјоделски производи и сите се винарски визби или трговци.

Категоријата - трговци посредници е значаен извор на суровина за 12 испитаници, од кои двајца ги обезбедуваат вкупните годишни потреби од овој тип на добавувачи. Само две анкетирани претпријатија (винарски визби) пријавиле сопствено производство на потреба суровина.

Според изјавите на анкетираните кои склучиле договори, во просек 47% од нивните годишни потреби за земјоделски производи во 2010 година биле обезбедени преку писмени договори со примарни производители. Прашани за реализација на договорите, 80% од анкетираните (16 претпријатија) се изјаснија дека договорите биле реализирани на задоволително ниво.

**Табела 1: Преглед на тип на добавувачи на суровина во% од годишните потреби**

| | Индивидуални производители | Трговци посредници | Земјоделски претпријатија | Задруги | Сопствено производство | Друго | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Винарски визби** | 44.2 | 25 | 24.4 | 0 | 6.4 | 0 | 100 |
| **Трговци посредници** | 75 | 1.2 | 20.7 | 0 | 0 | 3.1 | 100 |
| **Преработувачки капацитети** | 44.5 | 41.5 | 11 | 1 | 0 | 2 | 100 |

Кон крајот на откупната сезона 2010 година, се постави прашањето на реализација на субвенциите за предадена суровина во преработувачка индустрија, преку трговци посредници, т.е. во случај кога производителот нема договор за откуп со преработувачот. На инцијатива на консултантот и на МАП беше добиен одговор дека предмет на субвенционирање се и оние производители кои ја снабдуваат преработувачката индустрија и преку трговци посредници, но при тоа потребно е да се приложат договори со трговците за откуп на производите, договори меѓу трговците со преработувачите, а прифатливи се и тројни договори.

Дополнително барање на МЗШВ е дека исплата на овој тип на субвенции нема да се врши по приложени кантарни белешки, туку по поднесени формулари за таа намена кои можат да се добијат од подрачните единици на МЗШВ.

Со цел да се направи проценка за информираноста, како и спремноста за доследна примена на уредбите од новиот закон за ЗЗРР, анкетираните беа прашани дали се заведени (или се во постапка на регистрација) во Регистарот на откупувачи на МЗШВ. Според собраните податоци во процесот на спроведување на анкетата, 48% (13

претпријатија) се изјаснија позитивно, од кои најголем број се винарски визби (8), преработувачи (3) а најмал број од регистрираните се трговци (2).

**Слика 5: Преглед на регистрирани откупни пунктови во МЗШВ**




Важно е да се напомене дека во текот на спроведувањето на оваа работна задача беа анкетирани и вработени во Секторот за земјоделство во МЗШВ, одговорно за ажурирање на Регистарот за откупувачи. Според нив до крајот на октомври 2010 година издадени се решенија за регистриран откупувач / откупно место на 19 претпријатија, 44 се во постапка а 14 биле одбиени, најчесто поради некомплетна документација.

**Табела 2: Статус на Регистарот за откупувачи на МЗШВ, октомври 2010**

| | **Регистрирани** | **Во постапка** | **одбиени** |
|---|---|---|---|
| Откуп на житни и маслодајни култури | 8 | 17 | 3 |
| Сточарство (млеко и добиток) | 2 | | |
| Градинарство и овоштарство | 10 | 14 | 1 |
| Винарски визби | 4 | 21 | 10 |

Одговорните од МЗШВ известија дека регистрацијата на откупувачи се процесира со задоволителна динамика и без поголеми проблеми. Единствен воочен проблем е големиот издаток за издавање на уверение за баждарење на ваги, кој е неопходен документ за регистрација. Во правилникот за регистрација на откупувачи, наведено е дека претпријатијата треба да доставаат "уверение" издадено од Бирото за Метрологија,

кој документ чини 80.000 МКД. Во процес е постапка за менување на ова барање и замена со издавање на записник чие издавање е значително поевтино.

Прашани за релативно малиот број на претпријатија кои се регистрирани или се во процес, одговорните од МЗШВ изјавија дека периодот до март 2011 се смета за преоден и во кој период се толерираат нерегистрирани претпријатија кои вршат откуп. По истекот на овој рок, МЗШВ ќе инсистира на доследна примена на законските прописи на територијата на целата држава.

Во однос на бројот и типот на доставени договори за производство, според МЗШВ, најчести се едногодишните. Просечниот број на доставени договори по претпријатие е околу 40 – 50, а чести се и регистрирани откупувачи со доставени 2, 3 или 5 договори. Овие податоци не соодветствуваат со добиените во процесот на анкетирање. Во моментот, МЗШВ нема механизам ниту активности на проверка на бројот и валидноста на доставените договори. Дополнително, истите не се земаат во предвид при исплата на субвенции за предадена суровина во преработувачката индустрија, така да се поставува прашањето на потребата за доставување на склучените договори во Регистарот на откупувачи на МЗШВ.

Вториот дел од прашалникот користен во спроведувањето на анкетата содржи неколку прашања на кои се добија описни (квалитативни) одговори од страна на анкетираните претпријатија.

Прашани дали новата законска рамка има влијание врз регулирањето на договорното производство и понудата и побарувачката на суровина, добиени се различни одговори. Дел од интервјуираните претпријатија сметаат дека законот ќе има позитивно влијание во регулирањето на договорните односи и понудата и побарувачката на домашниот пазар. Сепак, голем број од анкетираните, од сите вредносни синџири се пожалија за недоследна примена на законот каде Земјоделскиот инспекторат не реагирал во спречување на дивиот откуп и непочитувањето на договорите. Дополнително, голем дел од интервјуираните се изјаснија дека сметаат дека законот има негативно влијание врз регистрираните откупувачи бидејќи не обезбедува адекватно ниво на заштита од непочитувањето на договорите од страна на добавувачите на земјоделски производи.

**Табела 3: Мислење за влијанието на ЗЗРР врз договорното производство, понуда и побарувачка**

| Преработувачи | Трговци | Винарски визби |
|---|---|---|
| • Нема да има негативно влијание, зошто се уредува пазарот,<br>• Потреба за поголема активност на Инспекторатот во спречување на дивиот откуп,<br>• Нема влијание, законот не се спроведува на терен<br>• Делумно влијание, повеќе го штити земјоделецот одошто откупувачот<br>• Не се почитува законот<br>• Позитивно влијание, дава сигурност за двете договорни страни<br>• Нема механизам за регулирање на права и обврски на откупувачот<br>• Не е прагматичен, доаѓа со задоцнување | • Нема да има влијание, пазарот ќе ја диктира понудата/побарувачката<br>• Има позитивно влијание бидејќи се спротивставува на сивата економија и дава можност за легализација<br>• Државата не ја регулира нелојалната конкуренција | • Нема влијание, не соодветствува со ситуацијата на терен<br>• Негативно влијание, плаќањето кое е наведено во договорот<br>• Лоша реализација<br>• Позитивно влијание, со планско производство и планска продажба ефектите ке бидат многу подобри |

Прашани за поважните предности кои ги носи договорното производство, претставниците на сите вредносни синџири го посочуваат фактот дека тоа води кон планирано производство и набавка на квалитетна и достапна количина на потребна суровина. Дополнително, оваа практика може да допринесе кон градење на добри и блиски деловни релации со одреден број на стабилни добавувачи. Сите анкетирани претпријатија го поздравуваат овој начин на работа и вертикална интеграција на вредносните синџири, но ги посочуваат регистрираните недостатоци / недоследности во примената на оваа регулатива во откупната сезона 2010.

Како поважни идентификувани недостатоци на договорното производство се наведуваат: Недостаток на свесност за правата и обврските кои ги носи оваа пракса кај примарните производители, опасност од непотполно почитување на превземените обврски, селективен пристап во контролата на работењето на откупувачите, рестрикции на формирање на пазарни цени во одредени услови и за одредени производи (особено за производите наменети за свеж пазар).

**Табела 4: Мислење за предностите и недостатоците на договорното производство**

| **Предности на договорното производство** | | |
|---|---|---|
| **Преработувачи** | **Трговци** | **Винарски визби** |
| • Однапред планирано производство<br>• Сигурна суровина<br>• Доколку двете страни се обврзат, нема никаков проблем<br>• Се става ред во откупот на земјоделски производи и дава сигурност за двете договорени страни<br>• Регулирање на понуда/побарувачка<br>• Нема, кога не се почитува<br>• Селектирани земјоделци, загарантирана количина и квалитет<br>• Обезбедена суровина по однапред познати цени | • Се што ќе биде договорено да се реализира<br>• Однапред планирано и однапред реализирано производство<br>• Обезбедена суровина | • Однапред планирано производство<br>• Сигурен добавувач и сигурен пласман, контрола на квалитет<br>• Навремено планирање |
| **Недостатоци на договорното производство** | | |
| **Преработувачи** | **Трговци** | **Винарски визби** |
| • Нема вистински партнер за договор од другата страна<br>• Начинот на плаќање<br>• Доследна примена за сите откупувачи<br>• Доколку не се испочитува договорот нема како да се регулира<br>• Нема , ако се спроведува законот<br>• Можност да се вметне производ со лош квалитет<br>• Непочитување на истото без поддршка од МЗШВ за стимул | • Не би имало недостатоци доколку се држи до договореното<br>• Непочитување на договорот од страна на некој од договарачите<br>• Не треба да се ставаат рамки за финансиите, да не се наметнуваат рокови на плаќање кои понатака не можат да се испочитуваат<br>• Нема балансирање на цена | • Не е одговорено на квалитетот кој се бара, а кој е наведен во договорот<br>• Не почитување на договорот од некоја од договорените страни<br>• Не функционирање на правниот систем на Р. Македонија |

За да се надминат некои од воочените слабости во договорното производство, анкетираните предлагаат некои измени во препорачаниот договор за производство и тоа: Договорот треба да има повеќе ставки кои ќе ги обврзуваат добавувачите на доследна примена на превземените обврски, т.е да се постигне поголем баланс меѓу правата и обврските помеѓу двете договорни страни. Дополнително, некои од интервјуираните сметаат дека во дефинирање на испораката на суровина поголем акцент треба да се стави на квалитетот отколку на квантитетот на испорачаната суровина.

Делот на регулирање на исплатата е спорен за дел од анкетираните. Дел од нив сметаат дека предложените договори се премногу комплицирани и неефикасни.

**Табела 5. Мислење за потребни промени на договорот за производство**

| Дали има работи кои вие би сакале да ги додадете / смените во договорот? | | |
|---|---|---|
| **Преработувачи** | **Трговци** | **Винарски визби** |
| - Идеален на хартија<br>- Договорот кој го изработи МАП е во ред<br>- Одговорност од земјоделците, не само заштита<br>- Да бидат заштитени правата и на двете страни<br>- Клаузулите за права и обврски треба да се регулираат | - Прифаќање на ризик за понатамошна продажба<br>- Количината не треба да се наведува, многу е побитен квалитетот | - Премногу комплицирани, треба да се скратат<br>- Треба да се промени во делот на динамиката на исплата<br>- Права и обврски на земјоделецот не се предвидени воопшто |

Последниот дел од прашања се однесуваат на очекуваната поддршка за спроведување на договорното производство, улогата на МЗШВ како и очекувани промени во сегашната законска регулатива. Во однос на очекуваната поддршка анкетираните претпријатија се изјаснија дека очекуваат исти услови на поддршка / субвенционирање за чинителите од различни вредносни синџири, на пример преработувачите да имаат ист третман во имплементацијата на субвенции за предадена суровина за преработка. Дополнително, очекуваат поддршка во зголемена достапност на поволни финансиски средства за обезбедување на обртен капитал, за да би можеле да одговорат на барањата на актуелниот закон. Се предлага забрана за извоз на пиперки во вреќи додека не се задоволат потребите на домашните производни капацитети. Сепак, голем број од анкетираните наведоа дека очекуваат поддршка во подобрена едукација на производителите во однос на квалитетно производство како и поголема спремност за склучување на договори и почитување на превземените обврски со потпишување на договорите.

**Табела 6: Мислење за очекувана поддршка и улога на МЗШВ во спроведување на договорно производство**

| Каков вид на поддршка сметате дека е потребна за понатамошно подобрување на договорното производство? | | |
|---|---|---|
| **Преработувачи** | **Трговци** | **Винарски визби** |
| • Преработувачите се обесправени, со поддршката што ја имаат винариите, потребно е дополнително субвенционирање<br>• Субвенционирање по предадена количина<br>• Стимулирање на договорни односи и санкционирање на диви откупувачи<br>• Потребни се финансиски средства со ниски камати за обртен капитал<br>• Зголемување на субвенции по кг | • Потребно е да се створат подбори услови за работа<br>• Логистичка и финансиска поддршка<br>• Едуцирање на земјоделците, медиумска поддршка<br>• Да се затегне законската контролата на семенскиот материјал | • За лозарството е потребна долгорочна поддршка, поддршка за продажба<br>• Едуцирање на земјоделците<br>• Стимулирање на договорното производство<br>• Стимулирање на преработувачите за да се стане поконкурентен на ЕУ пазарите<br>• Доволна е поддршката што е дадена до сега |

| | | |
|---|---|---|
| предадена пиперка<br>• Забрана за извоз на пиперка во вреќи се додека домашната индустрија не ги задоволи потребите, или пак спротивно либерализација на увоз | | |
| **Каква улога треба да има МЗШВ за подобрување на договорното производство?** | | |
| • Инспекторите да бидат на терен и да се разгледуваат поплаките<br>• Не треба да има никаква улога, не треба да се меша , тоа е договор помеѓу два субјекта<br>• Да не се меша во договорите, плаќањето и други услови<br>• Едукација на земјоделците<br>• Активно<br>• Субвенционирање<br>• Директно не, индиректно да во законското регулирање со критериуми за увоз и извоз и избалансирана политика за субвенционирање | • Треба да се отстранат дивите пунктови<br>• Државата не треба да се меша, тоа е пазарна економија<br>• Планови и програми за подобрување на договорното производство<br>• Едуцирање на индивидуалните земјоделци кои се предностите на договорното производство | • Мониторинг, истражување за да се види дали се развива<br>• Не треба да има никаква улога, не треба да се меша<br>• МЗШВ да прави планови, анализи |
| **Дали се потребни измени на новиот закон за земјоделство и рурален развој или подзаконските акти?** | | |
| • Да, потребни се во делот на регулирање на откупот, да се продолжи рокот на плаќање<br>• Да, во делот за казни, целиот терет паѓа на откупувачите | • Повеќето се изјаснија дека го немаа прочитано цел закон и дека само знаат за член 31 и 32, за делот на откуп на земјоделски производи | • Комплетни измени се потребни во делот на лозарството, да се направи реонизација, не се евидентираат лозовите насади<br>• Во делот на откупот, да биде пофлексибилен |

Во однос на очекувања за улогата на МЗШВ во понатамошно спроведување на законската регулатива која се однесува на договорното производство, мислењата на анкетираните се различни. Дел од анкетираните претпријатија сметаат дека МЗШВ не треба да има никаква улога во спроведувањето на договорното производство, туку само во креирање на рамката, законските акти, мерките за поддршка и во следење на имплементацијата. Нивниот аргумент е дека договорите ги регулираат обврските и правата доброволно превземени од страна на два правни субјекта.

Дел од анкетираните сметаат дема МЗШВ треба да биде поактивна во едукација и зголемување на свесноста на фармерите за сегашната законска регулатива, како и поважните аспекти за нејзино имплементирање. Во прилог на ова тврдење е и констатацијата на консултантот дека постои недоволен интерес за доследна примена на договорното производство меѓу примарните производители. Имено, во процесот на интервјуирање на претставниците на фармерите ФФРМ и Асоцијацијата на земјоделци на Р. Македонија, не информираа дека немаат превземено никакви позначајни активности за примена на оваа законска одредба, ниту пак фармерите пројавиле интерес за поддршка во овој домен.

Во однос на очекуваните промени во законските и подзаконски акти, анкетираните претпријатија очекуваат промени во делот на регулирање на откупот, продолжување на роковите за исплата како и ревидирање на предвидените казни, кои во целост паѓаат на терет на откупувачите, додека за добавувачите не се предвидени никакви позначајни санкции.

Мора да се напомене дека, особено меѓу анкетираните трговци, евидентно е ниското ниво на информирање во врска со законот и обврските и правата кои ги предвидува.

Винарските визби, очекуваат поширока поддршка на винскиот сектор и примена на правилници за реонизација, регистрирање на лозовите насади. Дополнително, очекуваат, исто како и претставниците на останатите вредносни синџири подобро координирана и посилна поддршка на извозно-промотивни активности, се со цел зголемување (или задржување) на конкурентноста на странските пазари.

# VI ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ

- Напорите на МЗШВ за регулирање на откупот на земјоделски производи и воведување на договорното производство и регистрација на откупувачи е поздравена и се смета за важна алатка во процесот на јакнење на вертикалната интеграција на вредносните синџири. Носењето на законот беше пропратено со јавни дискусии и дебати, и дел од целните групи имаа можност да се произнесат со свои видувања и евентуални забелешки на предлог законот. По носењето на законот беа развиени соодветните подзаконски акти, кои стапија на сила во текот на јуни 2010 година. За жал, овој дел од процесот е оценет како недоволно транспарентен. Фактот дека поголемиот дел од анкетираните не беа доволно запознаени со ЗЗРР и подзаконските акти, води до заклучок дека начинот на информирање на претпријатијата врз кои оваа законска рамка има влијание не е спроведен ефикасно.

- Дел од предвидените услови и критериуми наведени во законот и подзаконските акти, кои се однесуваат на Регистарот на откупувачи, како и препорачаната содржина на договорите за производство, според анкетираните се дискутабилни и нивната имплементација е неизвесна. Имено, најчесто регистрирани забелешки се следните:
    - Доказите за солвентност и ликвидност на откупувачите, во случај на глобална економска криза, а без соодветна поддршка со поволни кредити за обртен капитал, го прави работењето на откупувачите речиси невозможно;
    - Дел од критериумите, на пример предвидениот број на вработени по откупно место се паушални и не соодветствуваат со ниеден соодветен закон или подзаконски акт кои регулираат било кој сегмент од работењето на откупувачите;
    - Дадените рокови за исплата, како и начинот не пресметување на цените за откуп се сметаат како наметнати и креираат чувство на претерана регулација од страна на МЗШВ;
    - Истакнување на цени на откупни пунктови пред почеток на откуп во случај на откуп на производи за свеж пазар, можат сериозно да влијаат на нарушување на пазарните односи и пазарните цени;
    - Генерална е оценката дека се предвидени ригорозни мерки за непочитување на договорите за откупувачите, додека добавувачите на суровина се наоѓаат во повластена состојба. Предложените механизми за заштита од неисполнување на договорите од страна на добавувачите се недоволни.

- Првата сезона на имплементација на законските и подзаконски акти, според анкетираните, не ги покажа очекуваните резултати, пред се поради неможноста на МЗШВ да се справи со нелегалниот откуп на суровина. Ваквата појава доведува до двојна дискриминација на регистрираните откупувачи – зголемени трошоци на работење и зачестени контроли за оние што го почитуваат законот. Од друга страна енормниот див откуп на суровини ги обесправи легалните откупувачи, правејќи ги ценовно неконкурентни и им ја намали шансата на задоволување на годишните потреби за суровина. Според анкетираните, овој сегмент од регулирање на пазарот е

од најголемо значење. Доколку МЗШВ не успее да стави крај на ваквите појави, целиот концепт на вертикално интегрирање ќе биде доведен во прашање, а и конкурентноста на домашното производство ќе биде намалена.

- Воведување на Регистарот на откупувачи и на увозници е поздравена активност. Сепак, простото собирање на податоци и документи без нивна анализа и споредбена контрола со исплаќањата на субвенции и/или нивна примена во креирање и/или мониторинг на останати мерки и програми на МЗШВ ја доведува во прашање оправданоста на оваа активност.

- Еден од заклучоците е дека ниската свест и мотивираност на индивидуалните земјоделци за посилно интегрирање и поблиска соработка со откупувачите мора да биде третирана како приоритет од страна на МЗШВ. Анкетираните сметаат дека не се во состојба, без силна и добро координирана поддршка од страна на МЗШВ, самостојно да допринесат кон позначајно подигање на свеста кај индивидуалните земјоделци. Лимитираната конкурентност на примарното производство ќе може да се супституира преку полулегални пазарни ланци уште краток временски период, но настанатата штета од ваквите практики ќе се рефлектира на слабеењето на вкупната конкурентност на вредносните синџири во подолг временски период.

Од горенаведеното можат да се извлечат следните препораки:

- Имплементацијата на ЗЗРР и подзаконските акти мораат да се спроведува доследно и без исклучоци. И најмала девијација во спроведувањето на било кој аспект од оваа законска регулатива може да доведе до сериозно нарушување на конкурентноста на вредносните синџири. Од критично значење е блиската соработка на МЗШВ со даночните власти и царинската управа со цел да се спроведат активности насочени против нелегалниот откуп и извоз на земјоделски производи, уште во првиот квартал од следната година

- МЗШВ би требало да ги преиспита предвидените барања од откупувачите во однос на финансиските импликации по нивното работење, бидејќи дел од нив даваат дестимулирачки ефекти. Имено, дел од претпријатијата ги разгледуваат опциите за постепено намалување на количините на откупени суровини од домашните производители заради намалената финансиска моќ и увоз на дел од истите под поповолни услови. Дополнително, анкетираните очекуваат и воведување на построга контрола и казни за непочитување на договорите и за добавувачите на суровина

- Потребни се активности за пошироко запознавање на чинителите во вредносните синџири за перспективите и предностите кои ги нудат новите законски акти, но и за обврските кои произлегуваат од нив. Општ е впечатокот дека поголем дел од анкетираните не се запознаени со постоечката законска регулатива, што може да доведе до загрозување на нивните деловни операции во блиска иднина

- Поголем дел од анкетираните имаат впечаток дека договорното производство е мерка која индивидуалните земјоделци не сакаат да ја применуваат. Во ваков случај се

поставува прашањето на корисноста на ваква мерка, кога фали интерес од втората договорна страна. Моменталниот хаос во откупот на земјоделски производи креира лажна слика кај фармерите дека пазарните цени на откупените земјоделски производи се повисоки и дека тие се изманипулирани до страна на домашните откупувачи. Неопходно е спроведување на интензивни програми за обука и информирање на фармерите за долгорочните ефекти од примената на договорното производство, пред се во насока на подобрување на нивната конкурентност и стабилност.

- Во услови на нерегулиран домашен откуп, мора да се размислува и за воведување на мерки за заштита на домашното производство (индустрија) како на пример воведување на соодветни критериуми при извоз на свежите производи кои служат како суровина за преработувачката индустрија во другите земји, воведување на дополнителни мерки за поддршка кои влијаат врз зголемување на квалитетот на примарното производство и позитивно влијаат на вертикалната интеграција и сл.

## Анекс 1: Листа на анкетирани институции / претпријатија

| Компанија | Контакт лице | Контакт телефон |
|---|---|---|
| | **Винарии** | |
| Тиквеш | Лилјана Лазова | 075 499 405 |
| Повардарие | Ванчо Кузманов | 072 218 235 |
| Сковин | Миле Костов | 02 3175 097 |
| Имако вино | Никола Љуботенски | 032 308 102 |
| Џумајлија | Оливера Гошева | 032 458 013 |
| Вардарска долина | Наташа Лазова | 071 320 867 |
| Риго импекс | Ристе Маркудов | 070 235 208 |
| Попов | Петар Манчев | 043 441 116 |
| Винеа | Соња Перковска | 075 431 075 |
| Картал вино | Јордан Карталов | 070 262 829 |
| | **Трговци** | |
| Пеца комерц | Блашко Темов | 070 218 010 |
| Виви пром | Драган Костадиновски | 070 392 307 |
| Авто риа | Ристо Тасевски | 070 212 288 |
| Баџо | Ристо Енџекчев | 070 320 221 |
| Туран | Ванчо Туранов | 070 218 371 |
| Сонце | Ванчо Ѓорѓиев | 075 453 733 |
| Вант | Тони Јовчев | 070 253 702 |
| Шалајко М | Илија Мицев | 075 457 967 |
| | **Преработувачи** | |
| Вори | Ѓорѓи Прошев | 075 218 102 |
| Випро | Виктор Петков | 070 238 495 |
| Алтра | Трајко Алчинов | 070 218 883 |
| Ж. Радевски | Зоран Радевски | 070 207 229 |
| Дентина | Трајче Карадаковски | 070 214 091 |
| Ларс | Дарко Нашков | 070 210 450 |
| Бест фуд | Драги Ѓорѓиев | 070 214 654 |
| Агрова | Атанас Огњанов | 070 230 014 |
| Универзал промет | Драги Стојмировски | 078 213 012 |
| Бонум | Момчило Ивановски | 070 274 740 |
| | **МЗШВ** | |
| Сектор земјоделство | Синани Абдиљгафар | 075 260 922 |
| | Павле Давитков | 075 223 907 |
| | Билјана Златевска | 071 878 622 |
| | | |
| ФФРМ | Марија Ѓошева Ковачевиќ | 076 421 533 |
| Асоцијација на земјоделци на Р Македонија | Ефтим Шаклев | 070 569 135 |

## Анекс 2: Прашалник користен во процесот на анкетирање

### Прашалник за користењето на моделот за договорно производство

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Име на претпријатие | | | | |
| Дата на интервју | | | | |
| Претпријатие/трговец | преработувач | трговец | Винарска визба | |
| Дали во 2009 користевте договор за производство/ откуп? | да | не | | |
| Ако не, зошто? | | | | |
| Дали во 2010 користевте договор за производство/ откуп? | да | не | | |
| Ако да, каков вид на договор? | Постоечкиот модел на договор без измени | Постоечкиот модел со новите законски барања | Во голема мера или во целост модел договорот на МАП | Во голема мера или во целост модел договорот на МЗШВ |
| Ако не, зошто? | | | | |
| Кој беше иницијатор за потпишување на договорот? | | | | |
| Колкав број на договори имавте склучено оваа година? | | | | |
| Во колкаво времетраење е договорот? | | | | |
| На кој начин се снабдувавте со земјоделски производи во 2010 | Директно од индивидуални производители (%)<br>Од трговци посредници (%)<br>Од земјоделски претријатија (%)<br>Од задруги (%)<br>Од сопствено производство (%)<br>Друго (на пример увоз или отворен пазар) (%) | | | |
| Колкав процент од вкупните потреби на суровини ви беа договорени со писмени договори со примарните производители пред почетокот на сезоната? | Во %<br><br>Ако % е низок, зошто? | | | |
| Дали во 2010 се зголеми бројот на договори со примарните производители во однос на 2009? | Да<br>Не | Ако да, зошто? | Ако не, зошто? | |
| Дали истите се испочитуваа? | Ако да, зошто? | Ако не, зошто? | | |
| Дали имате регистрирано откупен пункт во МЗШВ? | Да | Не | | |
| Дали сметате дека новиот закон за земјоделство и рурален развој како и | Ако да, какво? | Ако не, зошто? | | |

| | | |
|---|---|---|
| подзаконските акти имаат влијание врз регулирањето на договорното производство и на понудата и побарувачката на суровини за потребите на индустријата/ за свежиот пазар? | | |
| Дали има работи кои вие би сакале да ги додадете во договорот? Според вас како треба да изгледа идеалниот модел на договор? | | |
| Каков вид на поддршка сметате дека е потребна за понатамошно подобрување на договорното производство? | | |
| Кои според вас се предностите на договорното производство? | | |
| Кои според вас се недостатоците на договорно производство? | | |
| Каква улога треба да има МЗШВ за подобрување на договорното производство? | | |
| Дали сметате дека се потребни измени на новиот закон за ЗРР или подзаконските акти? | Ако да, какви? | |
| | Ако не, зошто? | |

## Анекс 3: Закон за земјоделство и рурален развој

### 1. Уредување на условите и начин за вршење на трговија со земјоделски производи

**Трговија со земјоделски производи**
**Член 29**

(1) Трговијата со земјоделски производи се врши под услови и на начин од членовите 30, 31, 32, 33, 34, 35 и 36 на овој закон.
(2) За се што не е уредено со овој закон важат одредбите од Законот за трговија, Законот за облигационите односи и Царинскиот закон.

**Продажба на земјоделски производи**
**Член 30**

(1) Продажбата на земјоделски производи може да се врши директно од земјоделското стопанство, на пазарите на мало и големо за земјоделски производи, продажба од мобилна тезга, продажба на саеми, продажба преку интернет, продажба на места за откуп (во натамошен текст: откупни центри), продажба на собирни места и продажба на добиточни пазари.
(2) Продажбата од ставот (1) на овој член може да ја вршат:
- земјоделски стопанства,
- трговски друштва со примарна дејност производство на земјоделски производи и трговија со земјоделски производи,
- земјоделски задруги со примарна дејност производство на земјоделски производи,
- земјоделски задруги со примарна дејност трговија со земјоделски производи и - организации на производители.
(3) Од земјоделски имот може да се продаваат земјоделски производи произведени од земјоделското стопанство и производи од дополнителна дејност на земјоделското стопанство наменети за крајна потрошувачка.
(4) Продажбата на земјоделски производи од земјоделски имот може да ја врши носителот на земјоделското стопанство или лице кое е член на семејното земјоделско стопанство и кое е овластено од носителот на земјоделското стопанство.
(5) Продажбата од семејно земјоделско стопанство се врши под условите пропишани од членот 83 на овој закон.

**Откуп на земјоделски производи**
**Член 31**

(1) Откуп на земјоделски производи, освен тутун, се врши во вид на трговија на големо, откуп за преработка на земјоделски производи и откуп за сопствени потреби доколку се врши на откупно место согласно одредбите од овој закон, а за се што не е уредено во овој закон согласно со Законот за трговија.
(2) Откуп на земјоделски производи можат да вршат само правни лица кои се регистрирани за преработка на земјоделски производи и правни лица кои се регистрирани за вршење на трговија со земјоделски производи и запишани во Регистарот на откупувачи на земјоделски производи што се води при Министерството.
(3) Откупот на земјоделски производи се врши само на откупни места определени од откупувачот кои ги исполнуваат условите согласно со членовите 31, 32, 33 и 34 од овој закон и за кои го известил Министерството во рок од најмалку 30 дена пред почетокот на откупот на предвиденото откупно место.
(4) На секое откупно место задолжително се истакнуваат цените за секоја категорија на квалитет на земјоделските производи кои се предмет на откуп и тоа најмалку десет дена пред започнувањето на откупот на земјоделските производи.
(5) Откупот се врши со писмен договор за производна година склучен за минимум 50% од реализираните количини, најмалку 45 дена пред вршењето на откупот и писмен договор склучен на местото на откуп за останатите количини, во форма и содржина согласно со членот 32 од овој закон.

(6) Покрај условите од ставовите (2), (3) и (4) на овој член откупувачите треба да ги исполнуваат и следниве услови:
- да имаат соодветна големина на правното лице и шифра на дејност,
- да имаат ликвидност во смисла на расположливи финансиски средства за откуп на земјоделски производи,
- солвентност во смисла на намирени обврски за откуп на земјоделски производи,
- да располагаат со соодветни објекти за преземање, сортирање, складирање и чување на земјоделските производ и опремата и
- да имаат склучени договори за трговија на големо на откупените земјоделски производи, доколку откупот го вршат правни лица кои се регистрирани за вршење на трговија со земјоделски производи.
(7) Поблиските услови од ставовите (3) и (6) на овој член ги пропишува министерот.
(8) Откупувачот е должен најдоцна до 31 март во тековната година до Министерството да достави податоци за планираните количини за откуп на земјоделски производи до 31 март наредната година, како и податоци за реализиран откуп за претходната година.
(9) Видот на податоците од ставот (8) на овој член, начинот на доставување, формата и образецот за доставување ги пропишува министерот.

**Форма и содржина на договор за откуп на земјоделски производи**
**Член 32**

(1) Договорот за откуп на земјоделски производи (во натамошниот текст: договорот) се склучува во писмена форма.
(2) Договорот од ставот (1) на овој член особено содржи:
- вид на производ и квалитет,
- цена и количина на производот,
- времетраење на договорот,
- локација и време на предавање на предметот од договорот,
- начин и рок на исплата и
- одредби за престанување и раскинување на договорот.
(3) Договорот се однесува за една или повеќе производни години.
(4) Исплатата на откупените земјоделски производи откупувачот е должен да го изврши во рок од 30 дена од денот на откупот, односно предавање на земјоделскиот производ во откупни центри.
(5) По исклучок на ставот (4) на овој член, договорот може да предвидува авансна исплата со исплата на остаток од вредноста на производот најдоцна до 180 дена од денот на откупот или исплата на средства во висина до 20% од вредноста на производот во рок од 20 дена од денот на откупот и рокот на исплата на остаток од вредноста не подолг од 180 дена од денот на откупот.
(6) Договорот се изготвува во пет примероци од кој еден примерок задолжително се приложува до Министерството преку подрачните единици на Министерството во рок од осум дена од денот на склучувањето на договорот.
(7) Откупувачот е должен да го извести Министерството за секоја измена на одредбите од договорот во рок не подолг од осум дена од настанатата измена.
(8) Измена на договорот од ставот (1) на овој член договорните страни можат да извршат најдоцна десет дена пред предавање на производот од договорот.
(9) Производителот не смее да склучува договор за количини на даден земјоделски производ за кои има склучено договор со друг откупувач.
(10) Доколку цената од ставот (2) на овој член се одредува како опсег на минимална и максимална цена, износот на опсегот на договорната цена се пресметува како:
- 40% од минималната цена за минимални цени до 10 денари по единица производ,
- 30% од минималната цена за минимални цени од 10 до 20 денари по единица производ и
- 20% од минималната цена за минимални цени над 20 денари по единица производ.
(11) Точниот износ на цената од ставот (10) на овој член се утврдува најдоцна на денот на откупот на земјоделските производи во рамките на договорениот обсег имајќи ја предвид пазарната цена на производот.
(12) Во случај кога пазарната цена е повисока од максималната цена во рамките на договорениот обсег, откупната цена е максималната во договорениот опсег.

(13) Во случај кога пазарната цена е пониска од минималната цената во рамките на договорениот опсег, откупната цена е минималната во договорениот опсег.
(14) Пазарната цена е цена на земјоделските производи на пазарите во Република Македонија за која се води евиденција во Министерството согласно со Земјоделскиот пазарен информативен систем.

**Упис во Регистарот на откупувачи**
**Член 33**

(1) Министерството воспоставува и води Регистар на откупувачи на земјоделски производи, освен тутун.
(2) За упис во Регистарот од ставот (1) на овој член се поднесува барање за упис до Министерството.
(3) Барањето од ставот (2) на овој член се поднесува на пропишан образец со потребна придружна документација за докажување на исполнетоста на условите од членот 31 на овој закон.
(4) Образецот на барањето и потребната придружна документација од ставот (3) на овој член ги пропишува министерот.
(5) Во случај кога барањето од ставот (1) на овој член е непотполно или неразбирливо, барателот по писмен пат се известува за неправилностите и му се утврдува рок од најмногу 15 дена за отстранување на неправилностите.
(6) Доколку во утврдениот рок од ставот (5) на овој член, барателот не ги отстрани неправилностите, барањето ќе се отфрли.
(7) По утврдување на исполнетост на условите од членот 31 на овој закон, министерот донесува решение за упис во Регистарот од ставот (1) на овој член.
(8) Решението од ставот (7) на овој член се донесува најдоцна во рок од 30 дена од приемот на барањето.
(9) Органот надлежен за инспекциски надзор од овој закон, по уписот на откупувачите во Регистарот, секоја година во периодот од 1 до 31 мај ја утврдува исполнетоста на условите од членот 31 на овој закон од страна на запишаните откупувачи.

**Начин на водење на Регистарот на откупувачи на земјоделски производи**
**Член 34**

(1) Регистарот на откупувачи на земјоделски производи се води во електронска форма и ги содржи податоците од барањето за упис од членовите 31 и 33 на овој закон.
(2) Покрај податоците од ставот (1) на овој член во Регистарот задолжително се регистрираат сите промени на запишаната состојба.
(3) За промените од ставот (2) на овој член регистрираните откупувачи се должни да го известат Министерството во рок од 15 дена од денот на настанувањето на промената.

**Бришење од Регистарот на откупувачи на земјоделски производи**
**Член 35**

(1) Министерот со решение ги брише регистрираните откупувачи од Регистарот од членот 33 на овој закон во следниве случаи:
- по писмено барање од органот на управување на регистрираниот откупувач,
- при објавување на ликвидација или отворена стечајна постапка,
- доколку се утврди дека откупувачот е регистриран врз основа на неточни
податоци и - кога ќе престане да ги исполнува условите од членот 31 на овој закон.
(2) Против решението од ставот (1) на овој член откупувачот има право на жалба до второстепената комисија при Владата надлежна за решавање на управни работи од втор степен од областа на земјоделството, шумарството и водостопанството.
(3) По правосилноста на решението од ставот (1) на овој член откупувачот се брише од Регистарот на откупувачи.

**Регистар на увозници на одделни земјоделски производи**
**Член 36**

(1) Правните лица кои увезуваат одделни земјоделски производи (во натамошниот текст: увозници) со цел да ги продаваат во првобитна, доработена или во преработена форма се регистрираат во Регистарот на увозници на одделни земјоделски производи.

(2) Услови за упис во регистарот на увозници на одделни земјоделски производи се:
- да имаат соодветна големина на правното лице и шифра на дејност,
- солвентност во смисла на намирени обврски за откуп на земјоделски производи,
- да располагаат со соодветни објекти за преземање, сортирање, складирање и чување на земјоделски производ и опрема и
- да имаат склучени договори за продажба на увезените земјоделски производи доколку не се наменети за сопствена преработка.

(3) На барање на Министерството, покрај условите од ставот (2) на овој член, увозниците на одделни земјоделски производи треба да достават доказ за ликвидност во работењето во вид на банкарски гаранции.

(4) Условите од ставовите (2) и (3) на овој член поблиску ги пропишува министерот.

(5) Постапката за упис, начинот на водење и бришење од регистарот на увозници на одделни земјоделски производи се врши согласно со членовите 33, 34 и 35 од овој закон.

(6) Владата на предлог на министерот ги пропишува одделните земјоделски производи од ставот (1) на овој член.